# АЛАРМ 23

# БУЏЕТОТ ЗА 2015: ПОВЕЌЕ ЗА ДРЖАВАТА, УШТЕ ПОМАЛКУ ЗА ГРАЃАНИТЕ

## Буџет 2015 (во милијарди евра)




Пораст на Буџетот 2006 – 2015 - 1,24 милијарди евра

И во 2015 година ќе продолжат политиките на Владата кои се добри за врвот на власта, но не и за граѓаните. Буџетот во 2015 година повторно ќе биде најголем досега. Расходите за 2015 во најголемиот буџет досега, ќе бидат поголеми за **една милијарда и двеста и четириесет милиони евра** од расходите во буџетот во 2006 година, кога оваа гарнитура ја презеде власта во Македонија. Тоа е **пораст од над 72%!** За толку ни оддалеку не пораснале ничии приходи – ниту на пензионерите, ниту на државната администрација, ниту на социјалците, ниту на земјоделците... а приходите на стопанството, пак, најмалку од сé. Ќе расте и бројот на нови (партиски) вработувања, а институциите ќе продолжат да бидат поскапи.

Новина во буџетот во 2015 година е фактот дека ќе почнеме вистински да ја плаќаме штетата од досегашната погрешна политика. Во буџетот ќе нема повеќе пари за граѓаните. Но, **ќе има голем пораст на плаќањата за отплата на долговите**, кои се насобираа веќе со години. А граѓаните ќе продолжат да осиромашуваат.

## Најскапи институции во 2015




## Раст на буџетот на Министерството за финансии за отплата на долговите 2006 – 2014 – 2015 (во милиони евра)




## Раст на бројот на вработени по институции 2006 – 2014 – 2015




[1] Во 2015 година Државен инспекторат за земјоделство и Државен инспекторат за шумарсто и ловство се издвоени во Буџетот како одделни органи со вкупен број на вработени 160, а во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во 2015 година фигурираат 896. Оттука, вкупниот збир е 1056.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА